Фармацевтска хемиска козметичка
индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0201-03
01.04. 2024 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 162 и член 163 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а во врска со членови 287, 383, 417 и 418 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 01.04.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## За измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје

I. Во текстот на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, во насока на негово усогласување со сметководствените прописи се вршат следниве измени и дополнувања:

Член 1

Во членот 9 став 1 по алинејата „69.10/4 Други правни работи" се додава нова алинеја „69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување".

Член 2

Во членот 10 зборовите „сметководствени и книговодствени работи," се бришат.

Член 3

Во членот 214 зборовите „0201-12/1 од 08.04.2019" се заменуваат со зборовите „0201-03/1 од 04.04.2022".

II. Се овластува Надзорниот одбор на Друштвото да изготви пречистен текст на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

III. Измените и дополнувањата на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје да се впишат во Трговскиот регистар на друштва и други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

АЛКАЛОИД АД Скопје поседува Лиценца за работа на друштво за вршење на сметководствени работи и е регистрирано во листата на правни лица коишто можат да вршат сметководствени работи, издадена од Институт на сметководители и овластени сметководители бр. 71.1186 од 05.02.2018. Во меѓувреме, заради донесување на нов Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластени сметководители и упис во регистар од 29.06.2023, се наметна потребата Друштвото да се усогласи со важечките прописи од областа на сметководството. Имено, Друштвото има обврска дејноста со шифра „69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување" согласно Националната класификација на дејности, да ја

упише во трговскиот регистар како дејност од својот предмет на работење, а услов за уписот е претходно да се извршат измени во делот на Статутот каде што е наведен предметот на работење на Друштвото. Од тие причини, а согласно член 162 од Статутот на Друштвото, Управниот одбор поднесе предлог за измени и дополнувања во текстот на Статутот.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач
Марија Малова